Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## SAMSUNG G800



"Samsung" и официјално го најави својот нов G800, чии главни адути се microSDHC слотот, кој поддржува картички до 32GB, 5 мегапиксели камера со x3 оптички зум, и xenon flash. Вистински избор за љубителите на фотографијата.



Телефонот спаѓа во слајд моделите каде тастатурата се извлекува, а има екран од 2,4 инчи. G800 ќе излезе на пазарот на почетокот на 2008 година.

## НЕВЕРОЈАТНО ГЛАСЕН БУДИЛНИК



Станува збор за будилник кој едноставно не може да се игнорира.

Будилникот оправдано го носи своето име Sonic Bomb. Како функционира? Најпрво ќе се обиде да ве разбуди со аларм, со гласност од 113 децибели, што е еднакво на бучавата, која се создава на концерт на хеви метал група. Дали е доволно? Толку децибели можат да усмртат некои помали шумски животни.
Но, доколку и ова не ве разбуди, Sonic Bomb има уште еден "кец" во ракавот - посебен дел кој ќе ви го раздрма креветот. Значи, дефинитивно заборавете на спиењето. Цената на оваа интересна направа е 58 долари.

